**ГРАД СКОПЈЕ**

| | |
|---|---|
| **ПРЕДЛАГАЧ:** | **Градоначалник на Град Скопје** |
| **ИЗГОТВУВАЧ:** | **Сектор за локален економски развој** |
| **ПРЕТСТАВНИК:** | **Слободан Ќосев,** |
| | Раководител на Секторот за локален економски развој |

# СТРАТЕГИЈА ЗА

# ПОДДРШКА НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА ГРАД СКОПЈЕ,

# СО АКЦИОНЕН ПЛАН, ЗА ПЕРИОДОТ 2014-2017 ГОДИНА

Скопје, ноември 2014 год.

# Содржина

ВОВЕД ..... 2
КОНЦЕПТ И МЕТОДОЛОГИЈА ..... 3
ПРИНЦИПИ НА ПРОЦЕСОТ НА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ ..... 3
ОСНОВНИ АКТИВНОСТИ НА ПРОЦЕСОТ НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА И АКЦИОНИОТ ПЛАН ..... 4
УЧЕСНИЦИ ВО ПРОЦЕСОТ ..... 4
ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАНИ ПОВАЖНИ АКТИВНОСТИ И ВРЕМЕНСКА РАМКА ..... 4
ПОСТОЈНА СОСТОЈБА ВО СЕКТОРОТ ПРЕТПРИЕМНИШТВО И МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ГРАДОТ СКОПЈЕ ..... 6
КОНКУРЕНТСКА ПРЕДНОСТ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ ЗА РАЗВОЈ НА МСП И ПРЕТПРЕИМНИШТВО ВО ОДНОС НА ДРУГИ ОПШТИНИ ..... 10
ВИЗИЈА ..... 13
СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ..... 14
ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ ..... 14
ФИНАНСИСКИ ПЛАН ..... 18
ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА, КОНТРОЛА, КОРЕКТИВНИ МЕРКИ И РЕВИЗИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ..... 20
АКЦИОНЕН ПЛАН ..... 22
ПРИЛОЗИ ..... 39
ПРИЛОГ 1. - УЧЕСНИЦИ ВО ПРОЦЕСОТ ..... 40
ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ..... 43

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” број 5/02) и член 10 став 1 точка 3 алинеја 4 од Законот за Град Скопје (“Службен весник на РМ” број 55/04 и 158/11), Советот на Град Скопје, на триесет и петтата седница одржана на 2 декември 2014 година, донесе

# СТРАТЕГИЈА ЗА ПОДДРШКА НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА ГРАД СКОПЈЕ, СО АКЦИОНЕН ПЛАН, ЗА ПЕРИОДОТ 2014-2017 ГОДИНА

## ВОВЕД

Развојот на претприемништвото и секторот на мали и средни претпријатија (МСП) е значаен за најголемиот дел од националните економии во светот, а особено е важен за остварување на поинтензивен економски раст и развој на град Скопје и Република Македонија во целина. Мерките за побрз развој на овој сектор во државата кои се носат на централно и локално ниво се темелат на стратешки и плански приод со единствена цел – достигнување на конкурентска положба на нашето стопанство која ќе овозможи негово рамноправно натпреварување на глобалниот пазар, со што значително ќе се унапреди животниот стил и стандард на граѓаните во Скопје и во Република Македонија.

Поаѓајќи од долгорочната генерална определба за значењето на претприемништвото и секторот на МСП вграден во многу национални и локални политики, стратегии и акциони планови, постапката за подготовка на Предлог – Стратегија за поддршка на мали и средни претпријатија и претприемништвото на Град Скопје, со Акционен план, за периодот 2014-2017 година ги зема предвид:

- Релевантните теоретски и практични сознанија од областите на стратешкиот менаџмент, развојот на претприемништвото и малите и средни претпријатија и локалниот економски развој;
- Досегашните постигнувања и искуство на сите засегнати страни од државата во доменот на развој на претприемништвото и поддршката на МСП на локално и централно ниво, но и нивните постојни и идни планови;
- Добрата светска пракса релевантна за оваа област.

Во процесот на изготвување на Стратегијата и Акциониот план се појде од реалноста и од потребите на локалната средина, како и од објективните проценки за способноста, ресурсите и потенцијалите на сите чинители во доменот на претприемништвото и МСП активни на територијата на град Скопје.

# КОНЦЕПТ И МЕТОДОЛОГИЈА

## Принципи на процесот на стратешко планирање

Процесот на изготвување на Стратегија за поддршка на мали и средни претпријатија и претприемништвото на Град Скопје, со Акционен план, за периодот 2014-2017 година, се заснова на следниве четири основни принципи:

- **Предлог на вредности.** Стратегијата и Акциониот план треба да понудат предлог-мерки и активности кои ќе создаваат нова вредност, препознатлива од чинителите и објективно мерлива. Овие вредности треба да одат во насока на правење крупен, позитивен исчекор во развојот на претприемништвото и секторот на МСП на територијата на Град Скопје.
- **Идентификација на клучните надлежности и способности.** Предлогот на вредности треба да е силно поддржан од соодветни способности и вештини на носителите и корисниците на конкретните мерки и активности вградени во Стратегијата и Акциониот план.
- **Посветеност на менаџментот на сите партнери-учесници во изработката и реализацијата на Стратегијата и Акциониот план.** Идентификацијата на предлог-вредностите, поединечните надлежности и способности на секој од партнерите се основа на процесот на изготување и реализација на Стратегијата и Акциониот план, со зацртани цели и идентификувани главни мерки и активности како истите да се реализираат. Но сето тоа не е возможно без огромна посветеност на лидерите и менаџментот на сите партнери-учесници во процесот.
- **Мерење на степенот на остварување на Стратегијата и Акциониот план.** Значаен дел од Стратегијата и Акциониот план ќе биде мерењето на напредокот во нивната реализација во однос на предвидената динамика. Ова е значајно, како заради добивањето на повратна информација на одговорните за реализација на самата стратегија во поглед на задржување на однапред планираните активности и нивната динамика, така и во поглед на тоа колку се достижни зацртаните цели и какви евентуални прилагодувања и измени на Стратегијата и Акциониот план е потребно да се направат.

Дополнително, процесот на изготвување на Стратегијата и Акциониот план се темелеше на:

- Партнерска вклученост на сите чинители во постапката на изработка на Стратегијата и Акциониот план;
- Јасно дефинирани и релевантни цели;
- Одржливост на предвидените цели, мерки и активности;
- Остварливост на целите;
- Временско ограничување на мерките и активностите;
- Транспарентност на постапката.

## Основни активности на процесот на изготвување на Стратегијата и Акциониот план

Процесот на изготвување на Стратегијата и Акциониот план се реализираше во следниве неколку главни чекори:

- Дијагноза на состојбата со претприемништвото и МСП во Република Македнија и град Скопје;
- Дефинирање на целите;
- Идентификување на можностите и ограничувањата;
- Избор на дополнителни одлуки и акции;
- Воспоствауваење на механизам за мерење на ефектите.

## Учесници во процесот

Носител на процесот на изготвување и реализација на Стратегијата и Акциониот план за поддршка на мали и средни претпријатија за периодот 2014-2017 година, е Градот Скопје, односно Секторот за локален економски развој на Град Скопје, со поддршка на Економски институт – Скопје.

Во процесот активно беа вклучени претставници од сите чинители во град Скопје, значајни за развојот на претприемништвото и секторот на мали и средни претпријатија, кои номинираа свои претставници во Работната група која ја изготви оваа Стратегија и Акционен план. Листата на учесници во процесот е дадена во Прилог 1.

## Преглед на реализирани поважни активности и временска рамка

Во периодот февруари-јуни 2014 година се реализираат следниве проектни активности:

- 24.2.2014 година со потпишување на договорот помеѓу Град Скопје и Економски институт – Скопје, започна процесот на изготвување на Стратегијата.
- Во периодот до 20.3.2014 беше изготвен и усогласен предлогот на активности и динамиката за реализација на проектот.
- Во периодот 21.3 – 14.4.2014 година беше направена анализа на постојните стратешки документи и закони релевантни за развој на претприемништвото и поддршка на МСП на локално, регионално и национално ниво.
- Во периодот до 27.3.2014 година се направи анализа и идентификација на партнерите/чинителите на град Скопје значајни за развојот на претприемништвото и секторот на мали и средни претпријатија, и до истите се

упати покана да номинираат свој претставник во Работната група која учествуваше во изработката на Стратегијата и Акциониот план.

- На 8.4.2015 година беше испратен Прашалник за изготвување на Стратегија за поддршка на мали и средни претпријатија и претприемништво на Град Скопје, со Акционен план, за периодот 2014-2017 година. Целта на прашалникот беше да се соберат потребните податоци и идеи за мерки, активности и проекти кои треба да се најдат во Стратегијата и Акциониот план за поддршка на мали и средни претпријатија и претприемништво на Град Скопје, за периодот 2014-2017 година.

  Прашалникот беше испратен на вкупно 213 испитаници: 69 номинирани претставници на 54 институции/организации учесници во процесот – членови на Работната група, 63 студенти на последипломски студии на насоката Претприемништво на Економски институт – Скопје, на 64 постојни и идни претприемачи - учесници на натпреварувања за избор на најдобар бизнис план, како и на 17 компании сместени во Бизнис инкубаторот на ПСМ Фондацијата во Скопје.

  По добивањето на одговорите на овој Прашалник се направи селекција на идеите за проекти и се утврдија главните стратешки приоритети и насоки кои треба да бидат опфатени со Стратегијата.

- На 9.4.2014 година беше објавена информација на веб-локацијата на град Скопје за започнување на процесот за изготвување на Стратегијата и повик за сите заинтересирани страни да земат учество во нејзината изработка (http://www.skopje.gov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=6444&mid=482&tabId=1).
- На 15.4.2014 година информација за подготовката на Стратегијата со повик упатен на заинтересираната јавност за нејзино учество во процесот беше објавена на веб-локацијата Претприемач.мк (http://pretpriemac.mk/index.php/novosti/1932-strategija-za-poddrska-na-mali-i-sredni-pretprijatija.html).
- Во периодот до 23.4.2014 година се направи анализа на постојната состојба во областа на претприемништво и мали и средни претпријатија во град Скопје.
- На 15.5.2014 година членовите на Работната група одржаа работилница за утврдување на визија, стратешки цели и проекти за Стретегијата и Акциониот план.
- На 9.6.2014 година од страна на Економски институт - Скопје беше формирана е-пошта група (msp-i-pretpriemnistvo-na-grad-skopje@googlegroups.com)и сите членови на Работната група беа приклучени кон истата, со привилегии за праќање и примање пораки на секој член од групата. Оваа е-пошта група претставува форум формиран за да обезбеди место за интензивна комуникација на членовите од Работната група со цел давање предлози, сугестии и забелешки по Нацрт-Стратегијата и Акциониот план на еден целосно транспарентен и партиципативен начин.

- На 9.6.2014 година до членовите на Работната група беше доставена Нацрт-Стратегијата и Акциониот план.
- Во периодот 9.6 – 16.6.2014 година членовите на Работната група дадоа забелешки и сугетии по Нацрт-Стратегијата и Акциониот план.
- Во периодот 16.6 – 24.6.2014 година се вградија забелешките и сугестиите од членовите на Работната група, со што се доби конечна верзија на Стратегијата и Акциониот план која се даде на одобрување на Град Скопје.

## ПОСТОЈНА СОСТОЈБА ВО СЕКТОРОТ ПРЕТПРИЕМНИШТВО И МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ГРАДОТ СКОПЈЕ

За прашањата од областа на МСП и претприемништво постојат многу малку истражувања и податоци кои се однесуваат посебно на состојбите во градот Скопје. Затоа, оваа анализа е правена главно врз основа на податоци и истражувања кои се однесуваат на Република Македонија, дополнети со одредени статистички податоци и сознанија добиени од истражувања направени посебно за потребните за изготвување на оваа Стратегија, а се однесуваат на состојбата со МСП и претприемништво во градот Скопје. Така, оваа анализа се темели на статистички податоци; анкета на постојни и потенцијални претприемачи и сопственици на мали и средни претпријатија од градот Скопје; анкета на организации и институции на централно и локално ниво кои го поддржуваат секторот на мали и средни претпријатија и претприемништво, како и анкета, интервјуа и работилници со претставници на јавниот и приватниот сектор, стопанските комори, невладиниот сектор и научно-образовните институции чии претставници беа членови на работната група за изготвување на оваа Стратегија.

Наодите до кои се дојде може да се сумираат во неколку правци.

(1) Во Република Македонија голем број од факторите значајни за развој на секторот на мали и средни претпријатија (МСП) и претприемништво се правилно идентификувани и за нивното унапредување се преземени и реализирани голем број програми и активности. Според извештајот Doing Business за 2013 година, во однос на поволноста на бизнис-регулативата во 189 држави во светот, Република Македонија е рангирана на 25-тото место, додека според неколку индикатори, меѓу кои индикаторот „пристап до кредити“ и „започнување на бизнис“ се наоѓа меѓу десетте најдобри земји опфатени со ова истражување.
Ова е резултат на низата мерки и активности кои беа превземени последниве неколку години со кои значајно се унапреди деловната клима во државата. Така, се воспостави системот за е-регистрација со кој се овозможи полесно и побрзо отворање на фирма преку т.н. „регистрациони агенти“. Регистрацијата е целосно онлајн и процесот се реализира во еден чекор и без никаков паричен надомест. Со измени во Законот за стечај се

овозможува забрзување на постапките и зголемување на процентот на заклучени стечајни постапки. Преку системот е-даноци се воведе можност и обврска за електронско поднесување на годишните извештаи и биланси до УЈП, додека микро и малите трговци во Република Македонија кои остваруваат годишен приход до 3 милиони денари се ослободени од оданочување. Стапката на невработеност во државата, иако на сè уште многу високо ниво, се намали на 28,6%. Данокот на добивка изнесува 0% ако истата се задржи или реинвестира.

(2) Освен потврдената добра деловна клима, за Република Македонија постои оценка дека регулаторната рамка која ги третира прашањата поврзани со развојот на претприемништвото и секторот на мали и средни претпријатија во државата оди во прилог на бизнисите и е изготвена со задоволително ниво на усогласеност со законодавството на Европската Унија. Така, прашањата од областа на претприемништво и малите и средни претпријатија во Република Македонија, на централно и локално ниво, а се значајни за изготвувањето на оваа Стратегија, се регулирани со следниве законски решенија:

- Закон за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија;
- Закон за трговски друштва;
- Закон за стечајна постапка;
- Закон за иновациска дејност;
- Законот за локална самоуправа;
- Закон за Град Скопје.

(3) Исто така, во Република Македонија постојат голем број институции кои планираат и спроведуваат широк спектар на активности за практикување и развој на претприемништвото и малите и средни претпријатија во државата, како што се:

- Министерство за економија на Република Македонија;
- Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија;
- Комитет за иновации, технологија и претприемништво;
- Фонд за иновации и технолошки развој;
- Национален совет за претприемништво и конкурентност.

(4) Политиките за поддршка и развој на малите и средни претпријатија и секторот претприемништво во Република Македонија се преточени во следниве стратешки документи:

- Ревидирана Национална стратегија за развој на малите и средни претпријатија (2002-2013);
- Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2014 година;
- Програма на Владата на Република Македонија за периодот 2011-2015 година;
- Стратегија за иновации на Република Македонија за 2012-2020;
- Акциски план за реализација на стратегијата за иновации 2013-2015;
- Индустриска политика на Република Македонија за период 2009 – 2020;

- Матрица на иновативната унија за Република Македонија за 2010 г;
- Стратешки план на Министерството за образвоание и наука 2012-2014 година;
- Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015;
- Стратегија за промоција на извозот;
- Национална стратегија за вработување на Република Македонија;
- Програма за научно-истражувачка дејност за 2014 година;
- Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009-2019;
- Стратегија за унапредување на извозот на македонската индустрија за софтвер и информатички услуги;
- Претпристапна економска програма 2013-2015;
- Стратегија за поддршка на малите и средни претпријатија и претприемништвото, во Град Скопје, со Акционен план, за периодот од 2009-2013 година.

(5) Анализата на досегашните постигнувања и искуство на сите засегнати страни од државата во доменот на развој на претприемништвото и поддршката на МСП на локално и централно ниво беше надополнета и со анализа на добрата светска пракса од оваа област, преточена во следниве иницијативи, програми и документи:
- Акт за мали претпријатија, Европска комисија, 2008;
- Ревидиран Акт за мали претпријатија, Европска комисија, 2011;
- Акциски план за претприемништво 2020, Европска комисија, 2013;
- Искуствата на ALDA (Association of Local Democracy Agencies);
- Искуствата на NALAS (Network of associations of local authorities of South East Europe);
- Искуствата на EUROCITIES;
- Претприемништво и локален економски развој – Програма и препораки за политики, ОЕЦД, 2003.

(6) За разбирање на состојбите со претприемништвото и МСП во Република Македонија не се помалку значајни и фактите кои говорат дека во државата постојат квалитетни финансиски институции кои даваат поддршка на претприемнички потфати. Претприемништвото е вградено во образовните програми на различните степени на образование во државата, а во последно време се зајакнуваат и напорите за градење поволна претприемничка култура во општеството преку интензивирање кампањи за подигнување на јавната свест за позитивностите од развојот на претприемништвото.

(7) Мерките и активностите кои ги превзема Република Македонија за поддршка на секторот на МСП и претприемништво главно се носат на централно ниво. Постои голем простор за унапредување на поддршката на овој сектор кој може да го направат општините и градот Скопје подигнувајќи ги повисоко на листата на приоритети прашањата, мерките и активностите, како и ресурсите кои тие ќе ги обезбедат за развојот на претприемништвото и малите и средни претпријатија од нивните локални средини.

(8) Во Република Македонија и градот Скопје големата улога и значењето на малите и средните претпријатија се огледува во нивниот број, бројот на вработени кои тие ги ангажираат, додадената вредност која ја создаваат и преку прометот кој тие го остваруваат. Така, МСП во Република Македонија и во градот Скопје претставуваат 99,5% од сите регистрирани, активни претпријатијаи во нив се вработени 76,7% од сите вработени во деловните субјекти во Република Македонија. Истовремено тие се одговорни за 68,2% од вкупниот промет во државата и во вкупната додадена вредност учествуваат со 65,6%.

(9) Мал е бројот на активни претпријатија во Република Македонија на 1.000 жители – 33,6, споредено со просекот во ЕУ каде тој изнесува 48,2. На територија на Град Скопје, пак, според податоци на Државниот завод за статистика за 2012 година, со број на жители од 536.271и 74.424 претпријатија се добива нешто поголем индекс од 50,7. Сепак, споредено со поголемите градови на земјите од Европската унија овој број е многу мал.

(10) Бројот на ново отворени претпријатија во Република Македонија на 1.000 жители изнесува 3,6 и е многу мал во споредба со земјите членки на ЕУ (во Бугарија тој број изнесува 9, во Кипар 22,5, Унгарија 4,8, Летонија 11,6, Луксембург 21, Малта 13,6, Црна Гора 10,7, Романија 4,1, Словачка 5,1).

(11) Ниско е нивото на иновативност во државата и град Скопје. Република Македонија има иновациски перформанс од 0,239 што во однос на просекот на ЕУ кој изнесува 0,545 е многу малку. Највисок иновациски перформанс во Европа има Швајцарија и изнесува 0,842.

(12) Во Република Македонија нивото на вложувања во истражувања и развој е незадоволително ниско и изнесува само 0,18% од БДП.

(13) Извозот од Република Макиедонија последниве неколку години расте, но тоа за жал не е резултат на зголемената конкурентност и извозна ориентација на МСП од градот Скопје и Македонија во целина, туку пред сѐ се должи на извозната ориентација на фирмите сместени ви технолошко-индустриските развојни зони.

(14) Не постои поврзаност помеѓу науката, образованието и МСП во државата. Дури 83,9% од постојните и потенцијални претприемачи од градот Скопје се изјаснуваат дека науката може значајно да им помогне нивните идеи за нови бизнис-потфати да ги зголемат шансите за успех на пазарот.

(15) 89% од потенцијалните и постојни претприемачи од градот Скопје се изјаснуваат позитивно на потребата од совети на претприемач со сопствено практично искуство во започнување и водење успешен бизнис-потфат. Таквиот претприемач-ментор, според нив, би им помогнал во создавањето и развојот на нивниот бизнис потфат, со тоа што во ваквиот став се многу поединствени претприемачите кои веќе имаат сопствен бизнис, кај кои дури 99% сметаат дека е потребен и корисен таков претприемач-ментор, додека ваквото тврдење го искажуваат нешто помал процент(80%) од испитаниците кои сѐ уште немаат сопствен бизнис.

(16) Како две најголеми причини што ги одвраќа потенцијалните претприемачи од градот  Скопје од започнување сопствен бизнис потфат се издвојуваат:

немање доволно гаранции дека бизнис потфатот има големи изгледи да успее на пазарот (44,6% од испитаниците) и немање доволно познавања за тоа како да започнат сопствен бизнис потфат (19,6% од испитаниците).

(17) Речиси преку 90% од активното население на градот Скопје има некоја идеја (во било која фаза од нејзиниот развој) за започнување сопствен бизнис потфат, но дури 30% од нив никогаш самостојно или со нечија помош не изготвиле бизнис план за развој не некоја сопствена бизнис идеја.

(18) МСП од градот Скопје го посочуваат како мошне значаен проблемот со наплатата на нивните побарувања.

(19) Претприемачите и МСП од градот Скопје ги оптоварува и загрижува скапиот деловен и канцелариски простор во градот.

(20) Претприемачите и МСП од градот Скопје укажуваат на неможноста да се добијат финансиски средства од банки по поволни услови.

(21) Слаба е националната и меѓународната вмреженост на МСП и претприемачите од Република Македонија и градот Скопје.

(22) Недоволна е општата информираност на МСП и претприемачите од градот Скопје, вклучително и информираноста за користењето финансиски средства од домашни и странски извори.

(23) Претприемачите и МСП од градот Скопје укажуваат на недоволната поддршка што ја добиваат на централно, а особено на локално ниво, и посочуваат дека постои некоординираност со и помеѓу институциите, хоризонтално и вертикално.

(24) Претприемачите и МСП од градот Скопје укажуваат на недоволно и несоодветно едуцирана јавна администрација на централно и локално ниво во однос на прашањата поврзани со поддршка и развој на МСП и секторот претприемништво.

(25) Претприемачите и МСП од градот Скопје укажуваат дека локалната власт не ја следи централната во развој на претприемништвото и МСП и не е во функција на негова поддршка.

Во правењето на анализата на постојната состојба со претприемништвото и МСП во Република Македонија и градот Скопје се настојуваше самокритично, со обид за објективен приод и со нагласен фокус на страната на побарувачката (потребите на МСП, потенцијалните и постојните претприемачи) да се истакнат сите проблеми и предизвици, но и насоките и чекорите како истите да се надминат, а тековните позитивни искуства и практики да се задржат и зајакнат.

## КОНКУРЕНТСКА ПРЕДНОСТ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ ЗА РАЗВОЈ НА МСП И ПРЕТПРЕИМНИШТВО ВО ОДНОС НА ДРУГИ ОПШТИНИ

Покрај анализата на постојната сосотјба со претприемништвото и малите и средни претпријатија во Република Македонија и градот Скопје, направена главно со помош на статистички податоци од примарни и секундарни истражувања за економската и деловната клима во градот и државата, за потребите на идентификација на

конкурентската предност на градот Скопје од аспект на развој на МСП и претприемништво во однос на други општини, се направи анкета на постојни и идни претприемачи, МСП од град Скопје, градската администрација, претставници на институции/организации кои активно се вклучени во процесот на поддршка и развој на секторот претприемништво и МСП на централно и локално ниво. Сознанијата добиени од анкетата даваат дополнителен одоговор на прашањето „каде се наоѓа градот Скопје во однос на поддршката и развојот на МСП и претприемништво“ и на кои елементи може да се смета во процесот на подготовка и реализација на една амбициозна, но воедно и реално остварлива Стратегија. Елементите од каде треба да се црпи конкурентската предност на град Скопје во процесот на поддршка и развој на мали и средни претпријатија и претприемништво се поделени на два дела:

1. **Внатершни силни и слаби страни** на чинителите и учесниците во секторот на МСП и претприемништво на Град Скопје

| **Силни страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| 1. Добра географска локација на град Скопје, во средината на државата<br>2. Добро образувана работна сила на пазарот на труд на град Скопје<br>3. Образовен центар (голем број на универзитети, факултети, средни стручни училишта)<br>4. Голема и квалитетна понуда на пазарот на работна сила со можност за голем избор<br>5. Голем број на фирми и побарувачка на пазарот на работна сила<br>6. Постоење на инфраструктура (патна, железничка, аеродромска, комунална)<br>7. Голем економски потенцијал<br>8. Добра соработка на град Скопје со скопските општини во однос на развивање на локалната економија<br>9. Голем пазар<br>10. Постоење на програми за самовработување<br>11. Лесен и брз пристап до сите институци<br>12. Помали административни и транспортни трошоци<br>13. Голем број и разновидност на компании каде студенти/ученици може да посетуваат практична настава или практична работа<br>14. Зголемување на соработката помеѓу компаниите и училиштата/универзитетите (примена на научни методи во компаниите и претприемничките потфати, можност за практична настава и и работа на учениците/студентите во компаниите, | 1. Повисока цена на работната сила во однос на други општини во државата<br>2. Не постои редовна пракса на соработка на градот Скопје и општините во градот со малите и средните претпријатија<br>3. Недостиг на добра информираност на локалната администрација за програми поврзани со МСП и претприемништво предвидани на централно ниво<br>4. Недостиг на инормации за претприемачите<br>5. Непознавање на потребите и барањата на потрошувачите<br>6. Голема конкуренција<br>7. Поголеми трошоци за набавка, изнајмување и одржување на материјални добра потребни за водење бизнис<br>8. Намалена можност за поволна комерцијална презентација на МСП<br>9. Неликвидност на МСП<br>10. Недоволно познавање на прописи и закони од страна на претприемачите и МСП<br>11. Ниско ниво на познавање на постапките, аплицирање и користење на фондовите на ЕУ за поддршка на МСП и претприемништво<br>12. Неповрзаност и некоординираност на институциите за поддршка на МСП и претприемништво<br>13. Недостиг на капацитет на јавната администрација за подговотвка на проектна документација<br>14. Недостаток на финансиски средства кај локалната самоуправа и МСП за кофинансирање на проекти |

| | |
|---|---|
| заеднички проекти)<br>15. Постоење на саемски, конгресни, туристички и изложбени центри<br>16. Голем број на консултантски компании | 15. Непостоење на институционална инфраструктура на локално ниво за помош на МСП и претприемачите<br>16. Неприлагодување на наставните програми во високото образование според потребите на пазарот на труд<br>17. Повозрасните вработени немаат желба за доедукација и доживотно учење<br>18. МСП главно имаат недостиг на ресурси и знаења<br>19. Недоволни деловни знаења, вештини и иновативност на претприемачите и МСП<br>20. Неефикасност на локалната администрација<br>21. Несоодветен квалитет, амбалажа и цена на производите и услугите за нивни пробив на меѓународниот пазар<br>22. Недоволна грижа за заштита на животната средина и политики за општествена одговорност<br>23. Недоволна соработка на МСП со компаниите кои работат во технолошко индустриските развојни зони<br>24. Непознавање на маркетинг техники и ниско ниво на маркетиншки активности на МСП<br>25. Слаба вклученост на МСП во коморскиот систем за користење информации и поврзување со други домашни и странски фирми<br>26. Слаба финансиска можност за обезбедување колатерал за кредити на МСП |

2. **Можности и закани кои доаѓаат надвор од чинителите** и учесниците во секторот на МСП и претприемништво на Град Скопје

| **Можности** | **Закани** |
|---|---|
| 1. Постоење на институции и програми за доживотно учење, преквалификација и дообука<br>2. Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија (и економските промотери во странство) овозможува промовирање на градот Скопје општините и нивните потенцијали за инвестирање и бизнис<br>3. ЗЕЛС овозможува промоција на градот Скопје и општините во градот и имплементира програми за нивна поддршка во активностите поврзани со ЛЕР<br>4. Силната посветеност и поддршка на | 1. Населението во градот Скопје и скопските општини стареe<br>2. Непостоење на регистар за потенцијални, заинтересирани инвеститори<br>3. Недоволна соработка меѓу институциите од областа на поддршка и развој на МСП и претприемништвото на локално и централно ниво<br>4. Комуникација на релација општини во град Скопје-ЗЕЛС-Влада на РМ-Собрание на РМ<br>5. Конкуренција од странски корпорации и нивни претставништва<br>6. Инкорпорирање на нова европска |

| | |
|---|---|
| институции на ЕУ за МСП и претприемништво<br>5. Проактивно вклучување и аплицирање со проекти на ЕУ програми за поддршка на МСП и претприемништво<br>6. Вмрежување помеѓу повеќе општествени чинители локално, национално и меѓународно<br>7. Активно вклучување во регионалните мрежи на институции за поддршка на МСП, со цел регионално поврзување и соработка на фирмите<br>8. Промоција на Република Македонија како добра бизнис дестинација<br>9. Добра инфраструктура за пристап на интернет<br>10. Влез на голем број странски инвестиции<br>11. Близина на неколку технолошко индустриски развојни зони<br>12. Субвенционирање на обуки за невработени<br>13. Поттикнување на кластерско здружување<br>14. Град Скопје како дел од стратегијата на РМ за привлекување на странски инвестиции.<br>15. Вклучување на градот Скопје во креирањето и спроведувањето на националната стратегија за поддршка на МСП и претприемништво на РМ.<br>16. Унапредување на соработката на локалните институциите со бизнис секторот<br>17. Зголемување на поддршката и проектите за развој на МСП и претпреимништво на локално ниво<br>18. Поголемо користење на кредити од МБПР од страна на МСП од град Скопје<br>19. Развој на „зелени“ бизниси вклучително и оние од областа на управување во различни видови отпад<br>20. Зајакнување и примена на концептот јавно-приватно партнерство | легислатива во националното законодавство<br>7. Поголеми трошоци за живот и водење бизнис<br>8. Одлив на работна сила во странство<br>9. Недоволно достапни поволни извори за финансирање на МСП<br>10. Неунапредување на патната и железничката инфраструктура која води од/до град Скопје<br>11. Невклученост на град Скопје во регионални иницијативи и соработка за развој на МСП и претприемништво<br>12. Слабото учество на МСП во постапките за јавни набавки |

## ВИЗИЈА

Членовите на работната група кои учествуваа во изработката на оваа стратегија заедно со Градот Скопје заеднички ја изградија визијата за тоа како ја гледаат состојбата со малите и средните претпријатија и претприемништвото на територија на градот Скопје со реализацијата на оваа Стратегија. Нивната визија е:

***„Со јакнење на претприемничкиот дух и култура, до силни, иновативни, извозно ориентирани МСП како носители на економскиот раст и развој на градот Скопје.“***

## СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

За да се достигне посакуваната состојба преточена во визијата на оваа Стратегија, потребно е да се исполнат неколку предуслови:

- Политиката на Град Скопје кон прашањата од областа на мали и средни претпријатија и претприемништво мора да продолжи да ги издига овие прашања високо на листата на свои приоритети. При тоа, таа треба и натаму да е партиципативна, проактивна и визионерска.
- Да се исполнат следниве главни Стратешки цели:

1. Зголемување на вработеноста и развој на човечкиот капитал во секторот на претприемништво и МСП
2. Стимулирање (поттикнување) на креативноста и иновативноста
3. Стимулирање на извозот и унапредување на меѓународното претставување на МСП на територијата на град Скопје
4. Подобрување на пристапот до финансии и унапредување на условите за работа на претприемачите и МСП (амбиент, инфраструктура)

## ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ

Во функција на остварување на **Стратешката цел 1. Зголемување на вработеноста и развој на човечкиот капитал во секторот на претприемништво и МСП** предвидено е да се реализираат следниве проекти:

1.1 Промовирање на Јавно приватно партнерство во Градот Скопје и општините;
1.2 Консултантски услуги за втора шанса за нов почеток;
1.3 Поголема промоција на претприемништвото;
1.4 Оспособување на претприемачите за правилно финансиско раководење на нивните почетни бизниси;
1.5 Зголемување на капацитетите на младите претприемачи од град Скопје и подобрување на економијата преку поддршка и едукација на МСП за настап на глобалниот пазар;
1.6 Зајакнување на економијата на град Скопје преку поддршка за отварање на социјални претпријатија;
1.7 Едукација на локалната администрација за претприемништво и МСП;

1.8 Стимулација на компаниите на ниво на Град Скопје за примање на студенти практиканти кои директно ќе бидат вклучени во работниот процес на компанијата;
1.9 Градски чадор-бренд.

Со реализација на овие проекти се планира постигнување на следниве **резултати**:

- Подобрување на квалитетот на давање на јавните услуги кон граѓаните и претпријатијата во Град Скопје, како и намалување на нивната цена со склучување на договори за ЈПП со МСП.
- Годишни анализи за состојбата во претприемиштвото и МСП во град Скопје.
- Усогласување, координација и спроведување на политиките и стратегиите за раст и развој на МСП во Град Скопје и градските општини.
- Спроведување на различни менханизми за подобрување на состојбата со МСП во град Скопје.
- Организирање на обуки поврзани со претприемништво и МСП.
- Намалување на стапката на морталитет на МСП на територија на град Скопје и општините во градот.
- Подобрување на растот и развојот на постоечките МСП на територијата на град Скопје.
- Зголемување на свесноста на младите за корисноста од претприемништвото и нивно насочување кон претприемничка кариера.
- 40 обучени претприемачи за правилно финансиско раководење на нивните почетни бизниси.
- 3 спроведени бизнис обуки за финансиско планирање и работење.
- 5 бизниси наградени со мали грантови за набавка на софтвер за финансиско работење.
- 40 обучени сопственици на МСП од град Скопје, претприемачи, одговорни во МСП за маркетинг и продажба.
- 3 спроведени обуки на тема продажба, пласирање на производи и формирање на цени за глобалниот пазар.
- 40 обучени социјални претприемачи.
- 3 обуки за почнување и водење на социјално претпријатие.
- 5 доделени грантови за најдобри идеи за социјални бизниси.
- Регистрирање на бизниси за производство на текстилни производи.
- Подобрена услуга од градската администрацијата кон МСП и претприемачите од град Скопје.
- Подобрување на образовно-практичниот процес, подобрување на квалитетот на новата работна сила, зголемување на бројот на компании, намалување на невработеноста.
- 3 спроведени обуки за развој и управување со бренд.
- 5 гранта за МСП со најдобри Планови за развој и управување на бренд.

За остварување на **Стратешката цел 2. Стимулирање на креативност и иновативност** предвидено е да се реализираат следниве проекти:

2.1 Стари занаети – нови можности
2.2 Поддршка на креативното претприемништво
2.3 Поттикнување на органско и иновативно земјоделство на територијата на град Скопје
2.4 Мобилна апликација – започни сопствен бизнис

Со реализација на овие проекти се планира постигнување на следниве **резултати**:

- Актуелизирање на старите занаети и нивно претставување како дел од македонската традиција и култура.
- Отворање МСП чии производи и услуги ќе потекнуваат од креативниот потенцијал на сопствениците/претприемачи.
- Поттикнување на натпреварувачкиот дух во областа на креативноста и дизајнот.
- Зголемено вработување на жени претприемачи, преку нивно вклучување во креативните индустрии.
- Поттикнување на органско и иновативно земјоделие, преку воведување на најсовремени и иновативни методи на земјоделско производство, со посебен акцент на органското производство.
- Намалување на процентот на неискористено земјоделско земјиште и зголемување на бројот на земјоделци на територијата на град Скопје.
- Запознавање на учениците од основното и средното образование со карактеристиките на претприемништвото, особено стимулирање на креативноста и иновативноста.
- Поттикнување на желбата уште во раната возраст на децата за практикување на принципите на претприемништвото, а во подоцнежните периоди и покренување на претприемничка иницијатива.

За успешно да се оствари **Стратешката цел 3. Стимулирање на извозот и унапредување на меѓународното претставување на МСП на територија на град Скопје** ќе се реализираат следниве проекти:

3.1 Електронски каталог на извозно-ориентирани МСП,
3.2 Поддршка на извозот и пристап до странски пазари.

Со реализација на овие проекти се планира постигнување на следниве **резултати**:

- Создавање на централизирана база на податоци на извозно-ориентирани компании од град Скопје, заради унапредување на комуникацијата на МСП од град Скопје со компании од странство.
- Интензивирање на соработката и заедничкиот настап на домашните и странските компании, како на домашниот, така и на странскиот пазар.
- Заедничко вложување на странските компании и компаниите од Град Скопје во Република Македонија, со цел производство наменето за трети пазари.

- Подобрување на начините на претставување на МСП на домашниот и меѓународниот пазар, преку мерки за унапредување на брендирањето, маркетингот и продажбата.
- Поттикнување на извозот кај МСП на пазарите надвор од Република Македонија.
- Засилување на иновативните и креативните капацитети кај МСП, во насока на генерирање на креативни и иновативни идеи, со извозно-ориентиран профил, како и зголемување на МСП кои работат со извоз.

За реализација на **Стратешката цел 4. Подобрување на пристапот до финансии и унапредување на условите за работа на претприемачите и МСП (амбиент, инфраструктура)** предвидено е да се реализираат следниве проекти:

4.1 Регистрирај сопствен бизнис,
4.2 Бизнис инкубатори во град Скопје и скопските општини,
4.3 Формирање на кредитно-гарантен фонд,
4.4 Образовен центар за претприемнички вештини

Со реализација на овие проекти се планира постигнување на следниве **резултати**:

- Донесена мерка за зголемување на бројот и висината на казните за лица кои вршат дејност без регистрирана фирма.
- Донесена мерка за намалување на бројот и висината на казните за регистрираните фирми.
- Унапредување и развој на претприемнички вештини од различни области кај потенцијалните и постојните претприемачи.
- Формирани бизнис инкубатори на општинско ниво и целосна искористеност на нивните капацитети.
- Одржани најмалку по 6 обуки за пишување на бизнис план на општинско ниво.
- Формиран кредитно гарантен фонд.

Детален опис на проектите, временската рамка за нивна реализација, носителите на активностите, очекуваните резултати и други поединости се дадени во Акциониот план што е составен дел од овој документ.

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН

| Проект | Вкупен буџет | Други извори | Град Скопје | Буџет, по година и извор на финансирање (во евра) | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 2014 | | 2015 | | 2016 | | 2017 | |
| | | | | Други извори | Град Скопје | Други извори | Град Скопје | Други извори | Град Скопје | Други извори | Град Скопје |
| 1.1 Промовирање на Јавно-приватно партнерство во Градот Скопје и општините | 20.000 | 0 | 20.000 | | | 0 | 10.000 | 0 | 5.000 | 0 | 5.000 |
| 1.2 Консултантски услуги за втора шанса за нов почеток | 6.000 | 0 | 6.000 | | | | | 0 | 3.000 | 0 | 3.000 |
| 1.3 Поголема промоција на претприемништвото | 15.000 | 0 | 15.000 | | | 0 | 5.000 | 0 | 5.000 | 0 | 5.000 |
| 1.4 Оспособување на претприемачите за правилно финансиско раководење на нивните почетни бизниси | 8.000 | 0 | 8.000 | | | 0 | 2.000 | 0 | 2.000 | 0 | 4.000 |
| 1.5 Зголемување на капацитетите на младите претприемачи од град Скопје и подобрување на економијата преку поддршка и едукација на МСП за настап на глобалниот пазар | 5.000 | 0 | 5.000 | | | 0 | 1.500 | 0 | 2.000 | 0 | 1.500 |
| 1.6 Зајакнување на економијата на град Скопје преку поддршка за отварање на социјални претпријатија | 15.000 | 0 | 15.000 | | | 0 | 5.000 | 0 | 5.000 | 0 | 5.000 |
| 1.7 Едукација на локалната администрација за претприемништво и МСП | 5.000 | 0 | 5.000 | | | | | 0 | 5.000 | | |
| 1.8 Стимулација на компаниите на ниво на Град Скопје за примање на студенти-практиканти кои директно ќе бидат вклучени во работниот процес на компанијата | 10.000 | 0 | 10.000 | | | 0 | 3.000 | 0 | 4.000 | 0 | 3.000 |
| 1.9 Градски чадор-бренд | 10.000 | 0 | 10.000 | | | | | | | 0 | 10.000 |
| **Вкупно Стратешка цел 1.** | **94.000** | **0** | **94.000** | **0** | **0** | **0** | **26.500** | **0** | **31.000** | **0** | **36.500** |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 Стари занаети – нови можности | 5.000 | 0 | 5.000 | | | | | 0 | 5.000 | | |
| 2.2 Поддршка на креативното претприемништво | 150.000 | 135.000 | 15.000 | | | 45.000 | 5.000 | 45.000 | 5.000 | 45.000 | 5.000 |
| 2.3 Поттикнување на органско и иновативно земјоделство на територијата на град Скопје | 10.000 | 0 | 10.000 | | | 0 | 4.000 | 0 | 3.000 | 0 | 3.000 |
| 2.4 Мобилна апликација – започни сопствен бизнис | 20.000 | 0 | 20.000 | | 0 | 0 | 10.000 | | 10.000 | | |
| **Вкупно Стратешка цел 2.** | **185.000** | **135.000** | **50.000** | **0** | **0** | **45.000** | **19.000** | **45.000** | **23.000** | **45.000** | **8.000** |
| 3.1 Електронски каталог на извозно-ориентирани МСП | 10.000 | 0 | 10.000 | | | | | 0 | 5000 | 0 | 5000 |
| 3.2 Поддршка на извозот и пристап до странски пазари | 10.000 | 0 | 10.000 | | | 0 | 3.000 | 0 | 3.500 | 0 | 3.500 |
| **Вкупно Стратешка цел 3.** | **20.000** | **0** | **20.000** | **0** | **0** | **0** | **3.000** | **0** | **8.500** | **0** | **8.500** |
| 4.1 Регистрирај сопствен бизнис | 30.000 | 0 | 30.000 | | | 0 | 10.000 | 0 | 10.000 | 0 | 10.000 |
| 4.2 Бизнис инкубатори во град Скопје и скопските општини | 96.000 | 86.400 | 9.600 | | | | | 43.200 | 4.800 | 43.200 | 4.800 |
| 4.3 Формирање на кредитно-гарантен фонд | 500.000 | 475.000 | 25.000 | | | 19.000 | 1.000 | 19.000 | 1.000 | 437.000 | 23.000 |
| 4.4 Образовен центар за претприемнички вештини | 10.000 | 0 | 10.000 | | | | | | | 0 | 10.000 |
| **Вкупно Стратешка цел 4.** | **636.000** | **561.400** | **74.600** | **0** | **0** | **19.000** | **11.000** | **62.200** | **15.800** | **480.200** | **47.800** |
| **ВКУПНО** | **935.000** | **696.400** | **238.600** | **0** | **0** | **64.000** | **59.500** | **107.200** | **78.300** | **525.200** | **100.800** |

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА, КОНТРОЛА, КОРЕКТИВНИ МЕРКИ И РЕВИЗИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА

Стратегијата за поддршка на мали и средни претпријатија и претприемништво на Град Скопје е со траење во период од 4 години (2014-2017 година). За нејзиното имплементирање ќе се грижи Градот Скопје, односно Секторот за локален економски развој, заедно со другите сектори во Градот.

Стратегијата е резултат на работата на Работна група составена од сите чинители во град Скопје значајни за секторот претприемништво и МСП. Во неа се вградени нивните перцепции за актуелната состојба во областа, нивните потреби и очекувања за поддршка и правци на развој, како и подготвеноста на Град Скопје да излезе во пресрет на нивните барања. Работната група која ја создаде оваа Стратегија треба да продолжи од блиску да ја следи нејзината имплементација, да предлага одредени измени и дополни, и да ја оценува усшешноста или причините за неуспех на одредени иницијативи и мерки предвидени во овој документ. Од тука, силно се препорачува оваа група да продолжи со редовни годишни состаноци на квартално ниво, под координација на Град Скопје, односно Секторот за локален економски развој, а под покровителство на градоначалникот на Град Скопје, кој најмалку еднаш во годината би присуствувал и претседавал со седниците на оваа Работна група.

За успешна имплементација на оваа Стратегија особено е важно да се обезбедат потребните ресурси, а пред се финансиски средства предвидени во Акциониот и Финансискиот план. За таа цел, потребно е Градот да ги вметнува средствата потребни за реализација на проектите од Акциониот план во своите годишни буџети, а за 2014 година да изготви ребаланс на буџетот, со кој ќе се обебедат потребните средства наменети за реализација на проектите предвидени за 2014 година.

Покрај финансиски средства, неопходно е да се зајакне капацитетот на градската администрација за прашања од областа на мали и средни претпријатија и претприемништво, како со кадри кои ќе се бават исклучиво со оваа проблематика, така и со стекнување знаења и вештини од областа на раководење со проекти, европски програми и фондови за МСП и претприемништво и слично.

Градот Скопје, имајќи предвид дека голем број од проектите во Акциониот план имаат повеќе извори на финансирање (заради неможноста на Градот да ги обезбеди сите потребни средства за реализација на целокупната Стратегија), потребно е проактивно, плански и во соработка на сите сектори во Градот, а под координација на Секторот за локален економски развој, Секторот за меѓународна соработка и Секоторот за финансии, да работи на изнаоѓање финансиски средства од други извори (домашни и меѓународни организации,

развојни агенции, европски и други фондови, и др.) за реализација на оваа Стратегија.

По усвојувањето на оваа Стратегија потребно е Градот Скопје, заедно со останатите учесници во процесот, да пристапи кон изготување на проектната документација за распишување на повици за изведувач за секој поединечен проект вграден во Акциониот план.

Надворешните и внатрешните фактори кои се значајни за прашањата поврзани со малите и средните претпријатија и претприемништво во град Скопје се многу променливи и динамични. Затоа и оваа Стратегија треба да се третира како динамички документ во кој ќе се менуваат потребите, приоритетите, мерките и активностите. Сепак, од особено значење е овие промени да бидат евидентирани и вградувани во овој документ со посебно означување на датумот и верзијата на неговата измена/дополна. Овие измени ќе бидат разгледувани и одобрувани на редовните квартални состаноци на Работната група. Дополнително, на работните средби на Работната група ќе се разгледуваат и усвојуваат „извештај за напредокот“ (англ. Progress Report) (на секои 3 месеци) и „извештај за статусот“ (англ. Status Report) за реализација на проектите и останатите мерки предвидени со оваа Стратегија.

# АКЦИОНЕН ПЛАН

Во Акциониот план детално се разработени сите предвидени мерки и активности, проекти, иницијативи или програми поделени според претходно наведените стратешки цели.

1. **Зголемување на вработеноста и развој на човечкиот капитал во секторот на претприемништво и МСП**

| **Проект 1.1** | |
|---|---|
| Назив на проектот | **Промовирање на јавно-приватно партнерство (ЈПП) во градот Скопје и општините** |
| Краток опис на проектот | Преку анализа на задоволството на корисниците од квалитетот на постоечките услуги што ги нудат јавните комунални претпријатија и локалната администрација (по квалитет и цена) ќе се согледаат состојбите и потребите за вклучување на МПС преку јавно-приватно партнерство.<br>На тој начин ќе се зголеми бројот на МСП кои ќе бидат вклучени во испораката на јавните услуги на општините и Градот Скопје. |
| Очекувани резултати | ЈПП може да се остварува во повеќе сфери во градот и општините како во комуналните, образовните, здраствените, енергетските и др. јавни услуги. Преку него ќе се подобри постоечкиот квалитет на давање на овие услуги со склучување на договори за ЈПП со МСП, а од друга страна ова ќе придонесе за поттикнување и поддршка на секторот претприемништво и МСП. Исто така, преку ЈПП се очекува да се намали и цената на јавните услуги кои се даваат на граѓаните и претпријатијата во Град Скопје. |
| Носител на активностите (институција/организација) | Град Скопје и градските општини |
| Останати учесници (институции/организации) | Стопански комори, невладини организации, МСП, Економски институт - Скопје |
| Период на имплементација | 2015–2017 година |
| Буџет за реализација (во денари или евра) | 20.000 евра |
| Извори на негово финансирање | Град Скопје и општините |
| Показатели (индикатори) за успешност на проектот и нивнивредности | Изготвена студија (анализа) за постоечката состојба и препораки за склучување на договори за ЈПП |
| Предуслови за негова реализација (ако има) | Координираност меѓу органите на Градот и општините |

| Проект 1.2 | |
|---|---|
| Назив на проектот | **Консултантски услуги за втора шанса за нов почеток** |
| Краток опис на проектот | Консултантските услуги би допринеле за подобрување на дел од тековните проблеми со кои се соочуваат малите и средните претпријатија на територијата на град Скопје. Со овој проект се предвидува обезбедување на услуги на консултанти од различни области без надоместок (финансии, маркетинг, правни акспекти, меѓународна трговија, електронски бизнис итн.) за претпријатијата кои се формирани од основачи кои претходно имале сопствен бизнис кој доживеал неуспех.<br>Исто така, проектот предвидува, доколку на повикот не се јават доволен број на заинтересирани МСП чии сопственици во минатото со друг бизнис доживеале неуспех, консултатнски услуги да им се обезебдат на луѓе кои за прв пат се соочуваат со процесот на формирање и водење на претпријатие/бизнис.<br>Малите и средните претпријатија би доставувале пријави за потреба од консултантски услуги (заедно со доказ за неуспешен бизнис-потфат на неговиот основач најмалку 6 месеци пред отворањето на МСП кое аплицира за оваа услуга) и притоа на истите би им се доделувал ваучер за искористување на одредено количество на часови консултантски услуги кои би можеле да ги искористат во текот на една година. Доколку претпријатието би имало потреба од дополнителни консултантски услуги во текот на истата година, а веќе ги потрошило часовите за консултатски услуги предвидени со ваучерот, истото би требало да плати одреден надоместок.<br>Вкупно би се доделиле 10 ваучери, а секој ваучер би нудел одреден број часови консулатативна работа.<br><br>Активности за имплементација на проектот:<br><br>1. Изготвување на листа за консултанти<br>2. Прибирање на барања за добивање на ваучери од страна на МСП<br>3. Доделување на ваучери за искористување на консултантски услуги на МСП кои аплицирале за ваучери |
| Очекувани резултати | - Намалување на стапката на морталитет на МСП на територија на град Скопје и општините во градот<br>- Подобрување на растот и развојот на постоечките МСП на територијата на град Скопје. |
| Носител на активностите (институција/организација) | Град Скопје и Општините на Град Скопје |
| Останати учесници (институции/организации) | Влада на РМ, АППРМ, консултантски здруженија и организации |
| Период на имплементација | 2016–2017 година |
| Буџет за реализација (во денари или евра) | 6.000 евра |

| | |
|---|---|
| Извори на негово финансирање | Буџети на општините на Град Скопје, Буџет на Град Скопје и надоместоци од барања на корисниците за дополнителни консултантски услуги (дополнително време кое не е предвидено со ваучерот) |
| Показатели (индикатори) за успешност на проектот и нивни вредности | - Зголемување на бројот на МСП на територија на Град Скопје за најмалку 2%.<br>- Намалување на стапката на морталитет на МСП на територија на Град Скопје за 3%. |
| Предуслови за негова реализација (ако има) | / |

| **Проект 1.3** | |
|---|---|
| Назив на проектот | **Поголема промоција на претприемништвото** |
| Краток опис на проектот | Проектот опфаќа низа промотивни активности под покровителство и во организација на Град Скопје кои ќе се изведуваат во основните и средните училишта, како и високообразовните институции во градот. Фокус на кампањата е јакнење на свеста за улогата и важноста на МСП и претпреимништвото и привлекување на учениците уште од најраната нивна возраст да размислуваат за претприемништвото како нивна определба во развојот на сопствената кариерата. Кампањата ќе опфати:<br>- Предавања од познати претприемачи за основните карактеристики на претприемништвото, мотиви и причини за започнување сопствен бизнис, развој на бизнис-идеја, препознавање на можност за бизнис и др.<br>- Натпревар за најдобар расказ на тема претприемништво<br>- Иницијативи за вклучување на по најмалку еден познат претпримач од Градот во Советот на основните и средните училишта<br>- Иницијативи за формирање на школски/универзитетски фирми<br>- Иницијативи за поголема соработка на училиштата/универзитетите со МСП од град Скопје<br>- Иницијативи за проширување/дополнување на наставните програми за основно, средно и високо образование со повеќе теми и практична обука од областа претпреимништво |
| Очекувани резултати | Поголема свесност на младите за корисноста од претприемништвото, и нивно насочување уште во училишната возраст |
| Носител на активностите (институција/организација) | Град Скопје |
| Останати учесници (институции/организации) | Училишта, факултети, универзитети |
| Период на имплементација | Континуирано, започнувајќи од 2015 година |
| Буџет за реализација (во денари или евра) | 15.000 евра |
| Извори на негово | Буџет на Град Скопје и општините |

| | |
|---|---|
| финансирање | |
| Показатели (индикатори) за успешност на проектот и нивни вредности | Намалување на невработеноста, зголемување на креативноста и иновативноста кај младите и желба за отварање на МСП |
| Предуслови за негова реализација (ако има) | Координираност меѓу институциите на Град Скопје и РМ |

| **Проект 1.4** | |
|---|---|
| Назив на проектот | **Оспособување на претприемачите за правилно финансиско раководење на нивните почетни бизниси** |
| Краток опис на проектот | Обуки за правилно финансиско работење на ново формирани МСП и мали грантови за набавка на софтвер за финансиско работење за 5 најдобри бизнис идеи/производи. |
| Очекувани резултати | - 40 обучени претприемачи<br>- 3 спроведени бизнис обуки за финансиско планирање и работење<br>- 5 бизниси наградени со мали грантови за набавка на софтвер за финансиско работење |
| Носител на активностите (институција/организација) | Град Скопје, Фондација за Претприемачки сервис за млади (Бизнис инкубатор) |
| Останати учесници (институции/организации) | Економски институт - Скопје |
| Период на имплементација | 2015–2017 година |
| Буџет за реализација (во денари или евра) | 8.000 евра |
| Извори на негово финансирање | Град Скопје, YES инкубатор |
| Показатели (индикатори) за успешност на проектот и нивни вредности | - Зголемен број на оформени бизниси во следните 2 години<br>- Зголемени капацитети за финансиско раководење на сопствените бизниси на 40 претприемачи |
| Предуслови за негова реализација (ако има) | / |

| **Проект 1.5** | |
|---|---|
| Назив на проектот | **Зголемување на капацитетите на младите претприемачи од град Скопје и подобрување на економијата преку поддршка и едукација на МСП за настап на глобалниот пазар** |
| Краток опис на проектот | Проектот ќе овозможи обука и доедукација на младите претприемачи од град Скопје за пласман на иновативни македонски прозиводи и услуги на глобалниот пазар, преку обуки и персонални консултации |
| Очекувани резултати | - 40 обучени сопственици на МСП од град Скопје, претприемачи, одговорни во МСП за маркетинг и продажба<br>- 3 спроведени обуки на тема продажба, пласирање на производи и формирање на цени за глобалниот пазар |

| | |
|---|---|
| Носител на активностите (институција/организација) | Град Скопје, Фондација за Претприемачки сервис за млади (Бизнис инкубатор) |
| Останати учесници (институции/организации) | Економски институт - Скопје |
| Период на имплементација | 2015–2017 година |
| Буџет за реализација (во денари или евра) | 5.000 евра |
| Извори на негово финансирање | Град Скопје, ПСМ Фондација |
| Показатели (индикатори) за успешност на проектот и нивни вредности | - Зголемен број на извозни производи на пазарот, од претпријатијата опфатени со проектот за 5% во следните 2 години<br>- Зголемени капацитети за маркетинг и продажба на сопствените бизниси на 40 претприемачи за глобалните пазари |
| Предуслови за негова реализација (ако има) | / |

| **Проект 1.6** | |
|---|---|
| Назив на проектот | **Зајакнување на економијата на град Скопје преку поддршка за отварање на социјални претпријатија** |
| Краток опис на проектот | Поддршка за отварање на нови социјални претпријатија со цел подобрување на општата економија, како и оспособување на социјалните претприемачи за водење на социјалните бизниси преку обуки и почетни грантови. Целна група на учесници во програмата се невработени лица од град Скопје, активни баратели на работа, припадници на ранливи групи на граѓани, со основно и средно образование. Приоритет би имале идеите за започнување бизнис во производна дејност. |
| Очекувани резултати | - 40 обучени социјални претприемачи<br>- 3 обуки за почнување и водење на социјално претпријатие<br>- 5 доделени грантови за најдобри идеи за социјални бизниси |
| Носител на активностите (институција/организација) | Град Скопје, Фондација за Претприемачки сервис за млади (Бизнис инкубатор) |
| Останати учесници (институции/организации) | Економски институт - Скопје |
| Период на имплементација | 2015–2017 година |
| Буџет за реализација (во денари или евра) | 15.000 евра |
| Извори на негово финансирање | Град Скопје, ПСМ Фондација |
| Показатели (индикатори) за успешност на проектот и нивни вредности | - Зголемен број на отворени социјални претпријатија<br>- Зголемени капацитети за водење на социјални бизниси на 40 претприемачи |
| Предуслови за негова реализација (ако има) | / |

| **Проект 1.7** | |
|---|---|
| Назив на проектот | **Едукација на локалната администрација за претприемништво и МСП** |
| Краток опис на проектот | Континуирана едукација на локалната администрација во Град Скопје и општините во градот за прашања од областа на претприемништво и МСП и условите кои Град Скопје ги нуди за подобрување на работењето на МСП |
| Очекувани резултати | - Подобрена услуга од администрацијата кон МСП и претприемачите од град Скопје<br>- Унапредено стратешко планирање на прашања од областа на МСП и претприемништво<br>- Зголемување на пристапот и обемот на средства од европски и други фондови за поддршка на МСП и претприемништво на локално ниво |
| Носител на активностите (институција/организација) | Град Скопје |
| Останати учесници (институции/организации) | Високообразовни институции, консултантски фирми, ЗЕЛС, АППРМ, МИОА |
| Период на имплементација | 2016-2017 година |
| Буџет за реализација (во денари или евра) | 5.000 евра |
| Извори на негово финансирање | Буџет на Град Скопје |
| Показатели (индикатори) за успешност на проектот и нивни вредности | - Зголемено задоволство на претпримачите и МСП од град Скопје од услугите на градската администрација<br>- Зголемување на успешни апликации за финансирање на проекти од меѓународни програми и фондови за 20% |
| Предуслови за негова реализација (ако има) | / |

| **Проект 1.8** | |
|---|---|
| Назив на проектот | **Стимулација на компаниите на ниво на град Скопје за примање на студенти-практиканти кои директно ќе бидат вклучени во работниот процес на компанијата** |
| Краток опис на проектот | Градот Скопје во соработка со општините, стопанските комори и бизнис асоцијации од град Скопје да понуди стимулативни и поттикнувачки мерки за МСП од Градот кои ќе вклучуваат ученици и студенти практиканти во деловните процеси во претпријатијата. Некои од мерките би се однесувале на одржување на годишни средби на МСП со градската администрација и доделување на признаници за придонес во изведувањето на образовно-практичниот процес на учениците и студентите практиканти. |
| Очекувани резултати | Подобрување на образовно-практичниот процес, подобрување на квалитетот на новата работна сила, зголемување на бројот на компании, намалување на невработеноста. |

| | |
|---|---|
| Носител на активностите (институција/организација) | Град Скопје |
| Останати учесници (институции/организации) | Министерство за економија, Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Бизнис конфедерација на Република Македонија, Организација на работодавачи на Република Македонија, Стопанска комора на Република Македонија, Државните и приватните универзитети во Република Македонија, Биро за развој на образованието. |
| Период на имплементација | 2015-2017 година |
| Буџет за реализација (во денари или евра) | 10.000 евра |
| Извори на негово финансирање | Град Скопје |
| Показатели (индикатори) за успешност на проектот и нивни вредности | - Зголемување на бројот на МСП во град Скопје кои примаат ученици и студенти на пракса за 10%<br>- Намалување на невработеноста на млади лица за 2% во наредните 5 години |
| Предуслови за негова реализација (ако има) | |

| **Проект 1.9** | |
|---|---|
| Назив на проектот | **Градски чадор-бренд** |
| Краток опис на проектот | Целта на проектот е унапредување на знаењата и вештините на МСП од град Скопје за развој и управување со бренд. Заинтересирани МСП од различни дејности ќе развиваат свој сопствен компаниски или бренд на сопствен производ/услуга во текот на работилница за бренд менаџмент. Финален производ на работилницата е изготвен План за развој и управување на бренд кој треба да го изготви секој учесник на работилницата. Истите ќе се евалуираат и најдобрите 3 ќе добијат дополнителна платена поддршка од експерти од областа на развој и управување на бренд за да ги доразвијат плановите. Сите МСП кои во рамките на овој проект ќе изготват План за развој и управување на сопствен бренд кој ќе биде позитивно евалуиран, ќе се стекнат со право за користење на посебно изготвен промотивен материјал (лого) од Град Скопје, дека нивниот бренд е развиен со поддршка на Град Скопје. |
| Очекувани резултати | - 40 обучени претприемачи, одговорни во МСП за маркетинг и продажба<br>- 3 спроведени обуки за развој и управување со бренд<br>- 3 гранта за МСП со најдобри Планови за развој и управување на бренд |
| Носител на активностите (институција/организација) | Град Скопје, |
| Останати учесници (институции/организации) | Економски институт – Скопје, стопански комори и бизнис асоцијации |

| | |
|---|---|
| Период на имплементација | 12 месеци (2017 година) |
| Буџет за реализација (во денари или евра) | 10.000 евра |
| Извори на негово финансирање | Град Скопје |
| Показатели (индикатори) за успешност на проектот и нивнивредности | - Зголемување на свесноста на МСП за важноста на развојот и управувањето со бренд<br>- Зголемување на бројот на МСП во град Скопје кои имаат изградено сопствен бренд за 5% |
| Предуслови за негова реализација (ако има) | . |

## 2. Стимулирање (поттикнување) на креативноста и иновативноста

| **Проект 2.1** | |
|---|---|
| Назив на проектот | **Стари занаети - нови можности** |
| Краток опис на проектот | Проектот предвидува поддршка на заинтересирани поединци (невработени лица) за изучување на некои од старите изумрени занаети. Поддршката ќе се состои од одржување на практична обука во траење од 15 дена<br><br>Активности за имплементација на проектот:<br><br>- Избор на стари знаети, подготовка на програма за обука и избор на обучувачи<br>- Повик за пријавување за обуки и избор на кандидати<br>- Одржување на обуките |
| Очекувани резултати | - Зголемување на интересот за изучување на старите занаети<br>- Зголемување на вработувањата |
| Носител на активностите (институција/организација) | Град Скопје и Занаетчиска комора на Град Скопје |
| Останати учесници (институции/организации) | Општините во град Скопје, АВРМ, Агенција за поддршка на руралниот развој |
| Период на имплементација | 12 месеци (јануари-декември, 2016 година) |
| Буџет за реализација (во денари или евра) | 5.000 евра |
| Извори на негово финансирање | Град Скопје |
| Показатели (индикатори) за успешност на проектот и нивни вредности | - 15 обучени лица за стари занаети |
| Предуслови за негова реализација (ако има) | |

| **Проект 2.2** | |
|---|---|
| Назив на проектот | **Поддршка на креативното претприемништво** |
| Краток опис на проектот | Донесување на мерки со кои ќе се стимулира развојот на мали и средни претпријатија кои влегуваат во делот на креативните индустрии.<br>Активности кои треба да се превземат за имплементација на проектот:<br>1. Доделување годишни грантови на претпријатија за развој на нов производ<br>2. Воведување на награда за најдобар претприемач - креативец<br>3. Стимулирање на жени претприемачи, кои во областа на креативните индустрии се застапени во голем број. |
| Очекувани резултати | Развој на мали иницијативи за производство од областа на креативното занаетчиство, дизајнот и воопшто креативните индустрии |
| Носител на активностите (институција/организација) | Град Скопје |
| Останати учесници (институции/организации) | АППРМ, Занаетчиска комора Скопје |
| Период на имплементација | Континуирано, започнувајќи од 2015 година |
| Буџет за реализација (во денари или евра) | 150.000 евра |
| Извори на негово финансирање | - 10% Град Скопје<br>- 90% меѓународни фондови и други извори |
| Показатели (индикатори) за успешност на проектот и нивни вредности | - Најмалку 20 новововедени производи на пазарот во делот на креативните индустрии годишно,<br>- 5-10 нови жени претприемачи на годишно ниво. |
| Предуслови за негова реализација (ако има) | / |

| **Проект 2.3** | |
|---|---|
| Назив на проектот | **Поттикнување на органско и иновативно земјоделство на територијата на град Скопје** |
| Краток опис на проектот | Проектот предвидува промовирање и воведување на органско и иновативно земјоделие на територија на град Скопје. Населението главно од руралните делови на Градот кои имаат желба да се бават со земјоделие ќе се едуцира за:<br>- Маркетинг во земјоделството<br><br>Обуката кај земјоделците треба да обезбеди знаења за пласман на своите производи на пазарите.<br>Проектот предвидува и мерки за зголемување на искористеноста на земјоделското земјиште на територијата на Град Скопје. Со овој проект се предвидува преку соодветни промотивни и поттикнувачки мерки намалување на необработуваното плодното земјиште на територијата на град Скопје и зголемување на бројот на жители од градот кои ќе се бават со органско земјоделие. |

| | |
|---|---|
| | Активности кои треба да се превземат за имплементација на проектот:<br>1. Ажурирање на постојаните податоци од катастар за површините со обработливо земјоделско земјиште на територијата на град Скопје<br>2. Теренски посети и увид во процентот на искористеност на обработливо земјиште за земјоделие<br>3. Развој на поттикнувачки мерки и промотивни активности за зголемување на бројот на заинтересирани граѓани за започнување претприемнички потфат од областа на земјоделието<br>4. Избор на заинтересирани кандидати и спроведување на обуките |
| Очекувани резултати | - Зголемување на искористеноста на земјоделското земјиште<br>- Зголемување на бројот на земјоделци кои се бават со органско производство |
| Носител на активностите (институција/организација) | Град Скопје |
| Останати учесници (институции/организации) | Општините на Град Скопје, Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија, Министерство за земјоделие на РМ |
| Период на имплементација | 2015-2017 година |
| Буџет за реализација (во денари или евра) | 10.000 евра |
| Извори на негово финансирање | Буџет на град Скопје |
| Показатели (индикатори) за успешност на проектот и нивни вредности | - Најмалку 5 нови регистрирани земјоделци на територија на град Скопје годишно.<br>- Најмалку 20 нови органски производи годишно |
| Предуслови за негова реализација (ако има) | / |

| **Проект 2.4** | |
|---|---|
| Назив на проектот | **Мобилна апликација – започни сопствен бизнис** |
| Краток опис на проектот | Проектот претставува изработка на едукативна мобилна апликација (игра) наменета за децата ученици во основно и средно образование со цел осознавање на професијата претприемач и придобивките од истата. Преку играта децата ќе се фамилијаризираат со идејата за започнување и водење на сопствен бизнис, како своја професионална ориентација и градење на кариера. Играта треба да става фокус на поттикнување и јакнење на нивната креативност и иновативност, како и подготвеноста да превземат пресметан ризик.<br>Едно можно сценарио на мобиланта апликација е регистрирање на сопствена компанија и изготвување на презентација за идниот бизнис со цел барање и добивање на финансии за започнување со деловниот потфат.<br>Активности кои треба да се превземат за |

| | |
|---|---|
| | имплементација на проектот:<br>1. Изготвување на сценарио за играта<br>2. Дизајн на мобилната апликација<br>3. Развој на играта за Android и iOS<br>4. Промоција на играта |
| Очекувани резултати | - Поттикнување на креативноста и иновативноста на учениците во основното и средното образование<br>- Зголемен број на деца во основното образование кои се запознати со принципите на претприемништвото |
| Носител на активностите (институција/организација) | Град Скопје |
| Останати учесници (институции/организации) | Биро за развој на образование, Министерство за образование и наука на РМ |
| Период на имплементација | 2015 и 2016 год. |
| Буџет за реализација (во денари или евра) | 20.000 евра |
| Извори на негово финансирање | Буџет на Град Скопје |
| Показатели (индикатори) за успешност на проектот и нивни вредности | - 20.000 симнувања на апликацијата во првата година од нејзиното пуштање во користење |
| Предуслови за негова реализација (ако има) | / |

## 3. Стимулирање на извозот и унапредување на меѓународното претставување на МСП на територијата на град Скопје

| **Проект 3.1** | |
|---|---|
| Назив на проектот | **Електронски каталог на извозно-ориентирани МСП** |
| Краток опис на проектот | Изработка на електронски каталог на македонски и англиски јазик на компании кои се извозно ориентирани, а делуваат на територијата на град Скопје. Прибирањето на податоците во каталогот ќе оди преку доставување на апликации од страна на извозно-ориентираните МСП од град Скопје, а на повик од Град Скопје, кои ќе се однесуваат на: контактни податоци, историјат, дејност, екипираност, палета на производи и услуги, воспоставени стандарди за квалитет, меѓународен настап (саемски и други манифестации), награди и признанија, пазарно учество. Податоците ќе бидат неопходни за привлекување на вниманието на компаниите од странство за воспоставување долготрајни односи, како во форма на заеднички вложувања или нивно инвестирање во домашните МСП, така и перспектива за извоз на производите и услугите на пазарите надвор од земјава, кои се резултат на заедничките вложувања. Каталогот во електронска форма ќе биде поставен на сајтот на Град Скопје со |

| | |
|---|---|
| | линк до неколку македонски сајтови за бизнис, но и на уште неколку сајтови на меѓународни списанија од областа на економијата и бизнисот.<br>Активности кои треба да се превземат за имплементација на проектот:<br>1. Повик за доставување на податоци до Град Скопје од извозно-ориентираните МСП<br>2. Изработка на каталог на извозно-ориентирани МСП<br>3. Поставување на електронскиот каталог на сајтот на Град Скопје, домашни и меѓународни портали за економија и бизнис |
| Очекувани резултати | Централизирана база на податоци на извозно насочени компании од град Скопје, со што би се зголемила комуникацијата на домашните со странските компании, би се остварила можност за соработка и заеднички настап, како на странскиот, така и на домашниот пазар. |
| Носител на активностите (институција/организација) | Град Скопје |
| Останати учесници (институции/организации) | АППРМ; Министерство за економија на РМ |
| Период на имплементација | 2016–2017 година |
| Буџет за реализација (во денари или евра) | 10.000 евра |
| Извори на негово финансирање | Град Скопје |
| Показатели (индикатори) за успешност на проектот и нивни вредности | Зголемен извоз на македонски МСП, зголемени заеднички вложувања на странски и домашни компании во земјава и странство |
| Предуслови за негова реализација (ако има) | / |

| **Проект 3.2** | |
|---|---|
| Назив на проектот | **Поддршка на извозот и пристап до странски пазари** |
| Краток опис на проектот | Проектот предвидува доделување помош на МСП од град Скопје да дојдат до пазари од регионот и надвор од него преку поддршка за учество на саеми (под покровителство на Град Скопје).<br><br>Активности кои треба да се превземат за имплементација на проектот:<br>1. Избор на МСП за доделување помош и поддршка за учество на саеми |
| Очекувани резултати | Зголемување на извозот и отворање на нови пазари и промоција на град Скопје |
| Носител на активностите (институција/организација) | Град Скопје |
| Останати учесници (институции/организации) | Стопанските комори, Министерство за економија на РМ, Економски промотери |
| Период на имплементација | Континуирано, започнувајќи од 2015 година |
| Буџет за реализација (во денари или евра) | 10.000 евра |

| | |
|---|---|
| Извори на негово финансирање | Буџет на Град Скопје |
| Показатели (индикатори) за успешност на проектот и нивни вредности | Зголемен извоз<br>Отворање на нови работни места |
| Предуслови за негова реализација (ако има) | / |

## 4. Подобрување на пристапот до финансии и унапредување на условите за работа на претприемачи и МСП (амбиент, инфраструктура)

| **Проект 4.1** | |
|---|---|
| Назив на проектот | **Регистрирај сопствен бизнис** |
| Краток опис на проектот | Формирање на група волонтери (вработени, студенти, пензионери, лица кои бараат работа) во Град Скопје и општините во градот за помош на лица кои сакаат да регистрираат сопствен бизнис. Волонтерите бесплатно ќе ги изготвуваат документите потребни за регистрација на фирма (Договор за основање, Изјава за основање, Изјава од управителот, итн.) и би се давале совети во врска со начинот и текот на целата постапка.<br>Паралелно со формирањето на волонтерската група би се отпочнала иницијатива за 2 мерки: 1) намалување на казните за легално регистрираните бизниси и 2) зголемување на казните за лица кои вршат дејност без регистрирана фирма.<br><br>Активности за имплементација на проектот:<br>1. Избор на волонтери<br>2. Обука на волонтерите за прашања поврзани со регистрација на фирма<br>3. Изготвување на предлог мерка за зголемување на бројот и висината на казните за лица кои вршат дејност без регистрирана фирма<br>4. Изготвување на предлог мерка за намалување на бројот и висината на казните за регистрираните фирми |
| Очекувани резултати | - Зголемен број на регистрирани фирми<br>- Намалување на невработеноста и легализирање на постоечките нерегистрирани бизниси<br>- Индиректно ќе се зголемат и приходите на ЕЛС |
| Носител на активностите (институција/организација) | Град Скопје и општините на територија на град Скопје |
| Останати учесници (институции/организации) | Централен регистар на Република Македонија |
| Период на имплементација | Континуирано, почнувајќи од 2015 година |
| Буџет за реализација (во денари или евра) | 30.000 евра (по 10.000 евра на годишно ниво за обука на волонтерите, надомест за трошоци за храна и превоз, јавна кампања, режиски трошоци) |

| | |
|---|---|
| Извори на негово финансирање | Буџет на Град Скопје и буџетите на општините |
| Показатели (индикатори) за успешност на проектот и нивни вредности | - Зголемување на бројот на новоотворени МСП на територија на град Скопје од најмалку 3%.<br>- Зголемување на сопствените приходи на единиците на локалнта самоуправа |
| Предуслови за негова реализација (ако има) | |

| **Проект 4.2** | |
|---|---|
| Назив на проектот | **Бизнис инкубатори во град Скопје и скопските општини** |
| Краток опис на проектот | Бизнис инкубатор (со поширок опфат) во Град Скопје и во секоја општина од Градот поединечно. Постои потребата од формирање на бизнис инкубатор со различен профил на бизниси на територијата на град Скопје и општините, каде се лоцирани поголем број на компании. Адаптација на општински или простории на некои од бизнисите во современ инкубатор, обезбедување на останати инфраструктурни услови по бенефицирани цени, како и снабдување со останатите услуги кои ги пружа инкубаторот, ќе создадат многу поволни можности за зголемување на бројот на новоотворени МСП на територијата на општините во град Скопје.<br><br>Доколку општините имаат свои простории, истите би можеле да се отстапат за целите на формирање на бизнис инкубатори на општинско ниво. Со бизнис инкубаторите, општините на територија на град Скопје би им помогнале на ново создадените бизниси преку: помали давачки за најмување на деловен простор, помали давачки на фирмите за режиски трошоци (струја, вода, телефон, интернет и итн.), бесплатни книговотствени, правни и други консалтинг услуги во рамките на инкубаторот, итн. Просторот на ново формираните компании би им се доделувал после успешно изработен бизнис план. Со тоа би се поттикнал и претпреимачкиот дух на сите луѓе на територијата на град Скопје кои сакаат да основаат свој бизнис, а немаат доволно средства за таа намена. Инкубаторите би собирале по најмалку 16 инкубирани претпријатија. Овие улуги би биле достапни само во текот од првите 2 години од формирањето на претпријатието. Потоа претпријатието би си ги сносело целосните трошоци за опстојување и дејствување.<br><br>Доколку општините и Градот Скопје не поседуваат соодветен сопствен простор за формирање на бизнис инкубатор, истите ќе распишат повици за закуп на соодветен простор за намена бизнис инкубатор.<br><br>Активности за имплементација на проектот |

| | |
|---|---|
| | 1. Носење на предлог за формирање на бизнис инкубатори на ниво на Град Скопје и скопски општини и имплементација на предлогот во Стратегијата за локален економски развој (или Стратегиите за поддршка на МСП и претприемништво) на општините на територија на Град Скопје<br>2. Оспособување на имотот на општините за формирање на бизнис икубатор (доколку поседуваат). Во спротивно закуп на простор соодветен за бизнис инкубатор и негово оспособување<br>3. Изготвување на понуда за одржување на обуки на општинско ниво за пишување на бизнис план (не задолжителна активност)<br>4. Прибирање на изготвените бизнис планови и евалуација на бизнис плановите за избирање на најдобар бизнис план<br>5. Избор на најдобар бизнис план и потпишување договори со станарите на бизнис инкубаторите |
| Очекувани резултати | - Формирани бизнис инкубатори во град Скопје и секоја општина во градот<br>- Зголемување на бројот на новоосновани бизниси<br>- Овозможување на полесна транзиција од моментот на основање и заживување, до моментот на самоодржливост на бизнисот. |
| Носител на активностите (институција/организација) | Град Скопје и општините на територијата на Град Скопје |
| Останати учесници (институции/организации) | Влада на РМ, Министерство за економија на РМ, меѓународни организации, невладини организации, здруженија и други заинтересирани од областа на МСП и претприемништвото |
| Период на имплементација | Континуирано, започнувајќи од 2016 година |
| Буџет за реализација (во денари или евра) | 96.000 евра по инкубатор (3.000 евра годишно за режиски и други трошоци по инкубирана фирма, 16 фирми во инкубатор за една година изнесува трошок од 48.000 евра годишно. За еден инкубатор за период 2016-2017 година изнесува 96.000 евра) |
| Извори на негово финансирање | - 10% Град Скопје и општините во градот (за инкубаторот на Град Скопје и општините во градот за сопствените инкубатори)<br>- 90% меѓународни фондови или други извори (влада на РМ) |
| Показатели (индикатори) за успешност на проектот и нивни вредности | - Отворени бизнис инкубатори во Град Скопје и сите скопски општини<br>- Целосна исполнетост на капацитетот на инкубаторите<br>- Одржани најмалку по 6 обуки во секој инкубатор годишно<br>- Степен на преживување и оддржливост на инкубираните претпријатија од 90% |
| Предуслови за негова реализација (ако има) | |

| **Проект 4.3** | |
|---|---|
| Назив на проектот | **Формирање на кредитно-гарантен фонд** |
| Краток опис на проектот | Гарантните фондови обезбедуваат гаранција дека ќе го отплатат остатокот од долгот во случај на неплаќање од страна на клиентот и на тој начин тие влијаат на намалување на ризикот на банката и го олеснуваат одобрувањето кредити за мали и средни претпријатија. Овие фондови имаат потенцијал да влијаат и на намалување на банкарските трошоци за одобрување на мали кредити. Овие фондови овозможуваат и подобрување на кредитните услови за претпријатијата што веќе имаат пристап до финансиски средства.<br>Проектот се состои во поднесување на иницијатива на Градот Скопје за формирање на кредитно гарантен фонд кој би бил во функција на МСП на територијата на градот Скопје.<br><br>Активности за имплементација на проектот:<br>1. Преглед на законската рамка за можност за формирање на кредитно–гарантен фонд на ниво на Град Скопје<br>2. Изработка на студија за формирање на кредитно–гарантен фонд на ниво на Град Скопје<br>3. Обезбедување на законска рамка за кредитно–гарантен фонд на ниво на Град Скопје<br>4. Формирање на креднитно-гарантен фонд |
| Очекувани резултати | Примарниот ефект на гарантните фондови е т.н. финансиски или кредитен ефект и се однесува на дополнително одобрените кредити што немало да бидат реализирани без поддршката од гарантниот фонд.<br><br>Преку гарантните фондови компаниите ги обезбедуваат потребните финансиски средства за реализација на планираните инвестиции, што во крајна мера влијае на јакнење на бизнисот, подобрување на продуктивноста, зголемување на продажбата и профитот, креирање на работни места, зголемување на извозот итн. |
| Носител на активностите (институција/организација) | Град Скопје |
| Останати учесници (институции/организации) | Влада на Република Македонија, организации и институции од финансискиот сектор |
| Период на имплементација | 2015-2017 година |
| Буџет за реализација (во денари или евра) | 500.000 евра |
| Извори на негово финансирање | - 5% град Скопје<br>- 95% меѓународни фондови и други извори |
| Показатели (индикатори) за успешност на проектот и нивни вредности | - Формиран кредитно-гарантен фонд |
| Предуслови за негова реализација (ако има) | / |

| Проект 4.4 | |
|---|---|
| Назив на проектот | **Образовен центар за претприемнички вештини** |
| Краток опис на проектот | Основање на образовен центар за стекнување на претприемнички вештини во Град Скопје. Основната цел на Центарот е континуирано да ја следи состојбата со понудата и побарувачката на обуки во Град Скопје за претприемнички вештини, да прибира и објавува редовни информации за актуелни и планирани обуки за претприемништво и МСП (во Република Македонија и во странство) да субвенционира дел (половина) од трошокот за ваквата обука за секој слушател за негово учество на обуки организирани во постојни образовни институции, да организира испорака на обуки за теми кои се барани од претпреимачи и МСП од град Скопје (со полагање и сертификација), а во моментот, или во догледно време не се планирани да се одржуваат во некоја образовна институција.<br>Функцијата што ќе ја извршува Центарот за образование за претприемнички вештини на Град Скопје може да биде организиран:<br>а) Во рамките на постојниот Сектор за локален економски развој на Град Скопје<br>в) Во рамките на некоја постојна високообразовна институција која е етаблирана во организирање и испорака на обуки во доменот на претприемништвото и МСП. |
| Очекувани резултати | - Унапредување и развој на претприемнички вештини од различни области кај потенцијалните и постојните претпреимачи<br>- Најмалку 200 слушатели на специјализирани обуки од различни области од претприемништво и развој на МСП |
| Носител на активностите (институција/организација) | Град Скопје |
| Останати учесници (институции/организации) | Општините на Град Скопје |
| Период на имплементација | Континуирано, со почеток во 2017 година |
| Буџет за реализација (во денари или евра) | 10.000 евра |
| Извори на негово финансирање | Буџет на Град Скопје и неговите општини |
| Показатели (индикатори) за успешност на проектот и нивни вредности | - Зголемување на бројот на новоформирани МСП<br>- Зголемување на добивката на постоечките МСП<br>- Инвестирање во нови видови на активности на МПС<br>- Развивање на нови форми на соработка на постоечките МПС заради проширување и унапредување на бизнисот |
| Предуслови за негова реализација (ако има) | Координација помеѓу градските и меѓуопштинските органи |

# ПРИЛОЗИ

## **ПРИЛОГ 1. -** УЧЕСНИЦИ ВО ПРОЦЕСОТ

| # | **Учесници** | **Контакт лице(а)** |
|---|---|---|
| **Град Скопје и општини во градот** | | |
| 1 | Град Скопје – сектор за Локален Економски Развој | Слободан Ќосев, Маргарита Ковачевска, Даниела Тримчевска |
| 2 | Град Скопје – сектор за образование | Абдула Аземи |
| 3 | Град Скопје – сектор инспекторат | Соња Ѓошевска-Ивановиќ |
| 4 | Град Скопје – сектор за животна средина | Катерина Зенговска |
| 5 | Град Скопје – сектор за сообраќај | Јулијана Тасевска |
| 6 | Град Скопје – сектор за комунални работи | Христина Трипуновска |
| 7 | Град Скопје – сектор за јавни дејности | Нада Пешева |
| 8 | Град Скопје – сектор за меѓународна соработка | Антонио Караланов |
| 9 | Комисија за локален економски развој на Град Скопје | Идриз Орана |
| 10 | Општина Центар | Соња Шумкова |
| 11 | Општина Карпош | Маја Филипчева |
| 12 | Општина Гази Баба | Сашо Трајков |
| 13 | Општина Ѓорче Петров | Срѓан Дурлевиќ |
| 14 | Општина Кисела Вода | Катерина Сиљаноска |
| 15 | Општина Аеродром | Дана Гапковска, Марјан Келемен и Александар Спасов |
| 16 | Општина Шуто Оризари | д-р Данчо Арсов |
| 17 | Центар за Развој на Скопски плански регион | Анета Лозаноска Равлинсон, Розета Арсовска |
| 18 | ЛЕСС (Локален економски социјален совет) | Дејан Бешлиев, директор |
| **Мали и средни претпријатија, односно нивни здруженија, асоцијации, комори** | | |
| 19 | Стопанска комора на Македонија | Ванчо Спасевски, Горан Рафајловски (Рафајловски консалтинг), Герасим Ванчев (Семос) |
| 20 | Сојуз на стопански комори на Македонија | Марија Мустиќ, Калин Бабушку |
| 21 | Стопанска комора на Северо-западна Македонија | Решат Нагавци, Миљаим Амети |
| 22 | Стопанска комора за информатичка технологија (МАСИТ) | Анита Накова, Елена Китаноска, Петар Индовски |

| | | |
|---|---|---|
| 23 | ИКТ комора на Македонија | Оливера Костовска |
| 24 | Македонско-Германско стопански здружение (DMWV) | Марија Томова Спиркоски |
| 25 | Македонска-Руска Стопанска комора | Дејан Бешлиев |
| 26 | Македонска-Турска Стопанска Комора | Ејуп Учак |
| 27 | Организација на работодавачи на Македонија | Светлана Ристовска Антиќ |
| 28 | Занаетчиска комора на Република Македонија | Снежана Денковска |
| 29 | Занаетчиска комора Скопје | Снежана Денковска |
| 30 | Сојуз на синдикати на Република Македонија | Живко Даневски |
| **Невладини здруженија** | | |
| 31 | Бизнис конфедерација на Македонија | Марина Спасеска |
| 32 | Центар за институционален развој (ЦИРА) | Бранко Докузовски |
| 33 | EMKICE | Илија Вучков |
| 34 | Македонија 2025 | Билјана Марковиќ |
| 35 | Центар за жени претприемачи | Виолета Манчевска |
| 36 | ПСМ Фондација | Софија Цали Кузманова |
| 37 | Регионален Бизнис Центар Скопје | Благојче Трифуновски, Светлана Киревска |
| **Министерства и други институции на централно ниво** | | |
| 38 | Министерство за локална самоуправа | Трајче Малов, Таибе Емини |
| 39 | Министерство за образование и наука | Љупка Димитровска |
| 40 | Агенција за поддршка на претприемништвото на РМ | д-р Љубиша Николовски |
| 41 | Национален совет за претприемништво и конкурентност | Горан Лазаревски |
| 42 | Фонд за иновации и технолошки развој | Јасмина Поповска |
| **Образовни и научнни институции** | | |
| 43 | Европски информативен и иновативен центар во Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје | м-р Мијалче Санта, м-р Бети Костадиновска Димитровска |
| 44 | Универзитет Американ Колеџ | м-р Македонка Димитрова |
| 45 | Универзитет ФОН | д-р Марија Зарезанкова-Потевска |
| 46 | Прв Европски универзитет | д-р Лидија Наумовска |
| 47 | Универзитет за туризам и менаџмент | д-р Наташа Ристовска |
| 48 | Претприемничка лабораторија при Економски институт – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ | д-р Зоран Јаневски, д-р Елена Давитковска, д-р Владимир Петковски, д-р Пане Илиев, Тања Стојановиќ, Филип Илиев |

| | | |
|---|---|---|
| 49 | Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење | Бојан Р.Јовановски |
| 50 | Биро за развој на образование | Софка Коцева |
| **Претставници на донаторски организации** | | |
| 51 | USAID | Татјана Марковска |
| 52 | GIZ | Александар Караев |
| **Претставници од МСП** | | |
| 53 | Qcom | Весна Крстева |
| 54 | Бизнис логистика | Елена Делова |

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Стратегијата за поддршка на мали и средни претпријатија и претприемништвото на Град Скопје, со Акционен план, за периодот 2014-2017 година,  влегува во сила со денот на објавувањето во  „ Службен гласник на Град Скопје“.

Број 07 –8357/1

2 декември 2014 година

С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРА Д СКОПЈЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Ирена Мишева